ADING состојка на секоја градба

# ФАСИЛ

*Средство за хидрофобна импрегнација на порозни површини. Произведен на силан-силоксанска база*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

За површинска хидрофобна импрегнација на надворешни и внатрешни површини од порозни материјали како: природен камен, тули, ќерамиди, павер елементи, гипсани плочи и сл.

## СВОЈСТВА

- Водоодбоен;
- Паропропусен;
- Пенетрира во површината на која се нанесува;
- Ја намалува капиларната апсорпција на водата на третираните површини;
- Не го менува површинскиот изглед;
- Ја зголемува отпорноста на третираните површини на мраз и соли;
- Лесна и едноставна изведба со четка/ваљак или распрскување;

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | Визуелно | Бела течност |
| Густина | EN ISO 2811-1 | 0.98 ÷1.02 g/cm³ |
| pH вредност | ISO 4316 | 6 - 9 |

## МЕТОДОЛОГИЈА НА ИЗВЕДБА

## ПОДГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА :

Подлогата која се третира со Фасил треба да е чиста, обеспрашена, без остатоци од боја и масла. Чистењето на подлогата се врши со воздух или вода под притисок или со пескарење. Се препорачува апликацијата на Фасил да се врши на сува површина.

## ВГРАДУВАЊЕ:

Апликацијата на Фасил се врши со четка, ваљак или со распрскување. Материјалот се нанесува во една работна постапка до заситување на подлогата без прекин на аплицирањето додека не се обработи целата површина. Врз засушен слој не смее да се нанесува нов слој. Да се избегнува задржување на поголема количина од материјалот на површината. Не се нанесува доколку температурата на површината е под 5ºC и над 35ºC, или доколку се очекува дожд и силен ветер во период до 3 часа по нанесувањето на материјалот. Пред апликација, потребно е да се промеша материјалот.



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

## ПОТРОШУВАЧКА

Потрошувачката зависи од порозноста на подлогата. Вообичаената потрошувачка за еден слој изнесува 0,125 - 0,25 kg/m$^2$ кај природен камен, ќерамиди, тули, гипс, додека кај многу порозни површини потрошувачката е 0,3 - 0,5 kg/m$^2$. Пробна апликација треба да се изведе кај сите површини со цел одредување на вистинската потрошувачка.

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по употребата.

## ПАКУВАЊЕ

Пластично шише од 1 kg ;
Пластични канти од 5 и 20 kg;
Пластично буре од 200 kg;
Контејнер од 1000 kg.

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории, на температура од 5ºC до 30ºC, заштитен од директно изложување на сонце и замрзнување. Рок на употреба: 12 месеци.








<u>Опасност по здравјето</u>:
Фасил не содржи токсични материи. И покрај тоа, потребно е да се внимава да не дојде во контакт со кожата, очите или да се проголта. Во случај на прскање на кожата или очите, потребно е да се плакнење со чиста вода. Доколку се проголта, потребно е да се побара медицинска помош. При работа (особено со распрскување) потребно е да се користи заштитана опрема(очила,маска и ракавици.) Дополнителни информации се дадени во Безбедосниот лист на производот.
<u>Пожар</u>: Фасил е незапалив. Дополнителни информации се дадени во Безбедосниот лист на производот.
<u>Чистење и депонирање</u>:
Чистењето е со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад. Дополнителни информации се дадени во Безбедосниот лист на производот.



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk